Combatting barriers for exit
MACEDONIAN ROMA
at the borders

# ПРАВО НА ЕДНАКВОСТ И СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ:



## ИСКУСТВА ОД ДАВАЊЕ ПРАВНА ПОМОШ

Институт за европска политика. Скопје

Невладина организација КХАМ Делчево

*Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Тие се обдарени со разум и совест и треба да се однесуваат еден кон друг во духот на општо човечката припадност“.*

Универзална декларација за човековите права, член 1.

Изработката на оваа анализа е поддржана од страна на Институтот Отворено Општество во соработка со Тинк Тенк Фондот на Фондациите на Отворено Општество.

# Содржина


**Предговор** — **04**
**Краток преглед на контекстот** — **05**
**Меѓународна правна рамка** — **08**
**Домашна правна рамка** — **11**
**Механизми за заштита** — **14**
**Студии на случај** — **16**
Позитивни одлуки со кои е утврдена дискриминација — 17
Случај бр. 1: С. Ј. од Кочани против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи 17
Случај бр. 2: Д. Ј. од Кочани против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи 17
Случај бр. 3: Ѓ. А. од Виница против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи 18
Случај бр. 4: Е. Ј. од Виница против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи 19
Случај бр. 5: Е. М. од Делчево против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи 19
Негативни одлуки со кои е утврдена дискриминација — 20
Случај бр. 6: Д. М. од Виница против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи 20
Случај бр. 7: С. И. од Делчево против Р–епублика Македонија, Министерство за внатрешни работи 20
Главни наоди — 22
**Заклучок** — **25**

# Предговор

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Справување со пречките за излез - Ромите на македонските граници“ (“Combating barriers for exit: Macedonian Roma at the borders”),[1] кој го спроведуваат Институтот за европска политика од Скопје и здружението на граѓани КХАМ од Делчево. Главната цел на проектот е придонес кон менување на јавниот дискурс втемелен на политиките и практиките, претставувајќи ги Ромите како закана за безвизниот режим во Македонија. Проектот истражува како процесот на визната либерализација, како инструмент на европеизацијата, резултира во донесување политики кои го ограничуваат слободното движење на етничките Роми во случајот со Македонија. Оваа анализа се осврнува на досегашните искуства од судските случаи на лицата вратени од граничните премини и се базира на податоци со кои располага НВО КХАМ како една од клучните организации кои нудат помош при овие случаи.

[1] http://epi.org.mk/projects_mk.php?prog_id=21

# Краток преглед на контекстот

На 24 октомври 2009 година, Европската Унија (ЕУ) ја воведе т.н. визна либерализација[2] за граѓаните на неколку балкански земји, вклучително и Република Македонија (Македонија или РМ). По визната либерализација, земјите-членки на ЕУ се соочија со (очекуван) наплив на баратели на азил, граѓани на Република Македонија. Најголем дел од овие лица беа идентификувани како „економски азиланти“.[3] Процентите на одбиени барања се многу високи, во 2014 година само 1% од преку 7.000 барања од државјани на Македонија беа одобрени, а слични се бројките и за другите земји од т.н. „западен Балкан“.[4] Ова е резултат на фактот што лошата социоекономска положба во земјата на потекло не е еден од критериумите за добивање азил според меѓународното право, како и дека земјите каде беа поднесени најмногу апликации за азил од македонски државјани, ја сметаат Македонија за „безбедна земја на потекло“.[5]

Поради ова, земјите-членки на ЕУ побараа од државата да го подобри социоекономскиот статус на населението дома, како би спречила т.н. „лажно барање азил“. Ваквите барања особено беа поврзувани со Ромите. Имено, во врска со овој бран не запираа информациите во медиумите и изјавите на политичарите со кои се тврдеше дека најголем дел (ако не и единствени) лица кои бараат азил и го „злоупотребуваат визниот режим“, се лица од ромската етничка заедница. Ова беше изразено до тој степен што оваа етничка заедница беше веќе „осудена“ како „кривец“ за некое евентуално идно губење на безвизниот режим. Но, посочувањето на Ромите како „лажни азиланти“ во контекст на односите со ЕУ е важно и поради друга причина.

[2]Визната либерализација стапи на сила од 19 декември 2009 година, со донесувањето на Регулативата на Советот на Европската Унија бр. 15521/09. Со оваа регулатива, на граѓаните на Македонија кои поседуваат биометриски пасош, им беше овозможено без претходно обезбедување шенген-виза, слободно да патуваат во 25 земји-членки на Европската Унија (ЕУ) и три други земји, дел од шенген-зоната, како и без посебни дозволи да престојуваат во нив до 90 дена, во период од 6 шест месеци. Извор: Совет на Европската Унија, „Регулатива на Советот бр. 15521/09 за изменување на регулативата бр. 539/2001, која ги наведува третите држави чии државјани мораат да поседуваат виза кога ги преоѓаат надворешните граници и оние чии државјани се изземени од оваа обврска [Council Regulation No. 15521/09 amending Regulation (EC) No 539/2001 listing the third countries whose nationals must be in possession of visas when crossing the external borders and those whose nationals are exempt from that requirement]“, веб-страница на Советот на Европската Унија, http://register.consilium.europa.eu/doc/srv?l=EN&f=ST%2015521%202009%20INIT, на сите веб-локации е последно пристапено на 9.8.2016 година.

[3]Категоријата „економски азиланти“ сè уште не постои во меѓународното право.

[4] За ова, види во извештаите на Европската комисија за визната либерализација со Западен Балкан и во извештаите на ФРОНТЕКС. Извори: Европска комисија, „Извештај на Европската комисија за визната либерализација со Западен Балкан“, веб-страница на Европската Унија, http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-is-new/news/news/docs/20150225_5th_post-visa_liberalisation_report_with_western_balkan_countries_en.pdf ФРОНТЕКС, „Проценка на ризик во врска со земјите од Западен Балкан за 2016 година“, веб-страница на Европската Унија, http://frontex.europa.eu/assets/Publications/Risk_Analysis/WB_ARA_2016.pdf

[5]Според ревидираната Директива 2005/85/ЕС за процедури за добивање азил, за „безбедна земја на потекло“ се смета онаа земја каде, врз основа на важечкото право и неговото применување во рамки на демократскиот систем и придружните општи политички услови, може да се покаже дека принципиелно и конзистентно не постои практика на некој од видовите прогон, одредени во член 9 од Директивата 2004/83/ЕС, тортура или нехуман и понижувачки третман или казна, како и дека нема простор за очекување закана за отворено насилство во ситуации на меѓународен или, пак, внатрешен вооружен конфликт. Извори: Директива 2005/85/ЕС за процедури за добивање азил, Анекс II; Директива 2004/83/ЕС за минимални стандарди за квалификација и статус на државјани на трети земји или лица без државјанство како бегалци или како лица на кои им е потребна меѓународна заштита и содржина на заштитата која треба да биде дадена, член 9 (параграф 1 за основите врзани со женевските конвенции и параграф 2 за дополнителните основи кои ги признава ЕУ).

Имено, во своите редовни годишни извештаи за напредокот на земјата во исполнувањето на критериумите за членство во ЕУ, Европската комисија (ЕК) секогаш забележувала дека ромската етничка заедница е една од најдискриминираните и најранливите заедници во државата во повеќе области, а особено образованието, вработувањето и домувањето. Ваквата состојба особено придонесува Ромите сè уште да се соочуваат со висока социоекономска исклученост.[6] Препораките на ЕК секогаш биле во насока на подобрување на статусот на Ромите во државата, со цел нивна интеграција во општеството.

Наместо да ги спроведуваат овие препораки, државните институции одлучија на сите Роми дополнително да им ги зголемат препреките за остварување на основните човекови слободи и права, ограничувајќи им ја слободата на движење, односно правото да ја напуштат територијата на Македонија, но и отворено институционализирајќи ја расната дискриминација преку спроведување отворено расно профилирање на граничните премини. Според Извештајот на Комесарот за човекови права при Советот на Европа, од декември 2009 година до крајот на 2012 година, околу 7.000 македонски граѓани се вратени од македонските гранични премини, при што Комесарот утврдува оваа мерка влијае во исклучително голема мера на Ромите.[7] Спречувањето излез како мерка се следи и од страна на Европската комисија и Фронтекс, при што е утврдено дека во 2013 година е зголемен процентот за 41%.[8] Мерката е утврдена и во извештаите за почитување на човековите права на Стејт департментот на САД, во кој се утврдува дека во 2011 година од април до октомври биле вратени 1.500 лица од граница, најмногу од нив Роми, под сомневање дека се потенцијални баратели на азил.[9] Според Стејт департментот, бројот на вратени лица до април 2012 година се искачил на 8.322.[10]

Слободата на движење беше дополнително отежната со измените на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија од 2011 година, со кои на државјаните кои се протерани или се вратени од друга држава, им се одзема патната исправа за период од една година.[11] Уставниот суд на Република Македонија, постапувајќи по иницијатива на НВО КХАМ за оценување на уставноста на членовите 37 и 38 од овој Закон, на 25 јуни 2014 година ги прогласи за неуставни и ги укина спорните членови.[12]

[6] Европска комисија, Извештај за напредокот на земјата за 2009 година, веб-страница на Европската Унија, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2009/mk_rapport_2009_en.pdf; Европска комисија, Извештај за напредокот на земјата за 2010 година, Веб-страница на Европската унија, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2010/package/mk_rapport_2010_en.pdf; Европска комисија, Извештај за напредокот на земјата за 2011 година, Веб-страница на Европската унија, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2011/package/mk_rapport_2011_en.pdf; Европска комисија, Извештај за напредокот на земјата за 2012 година, веб-страница на Европската Унија, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2012/package/mk_rapport_2012_en.pdf

[7] Комесар за човекови права на Советот на Европа, „Извештај од Нилс Муижниекс, Комесар за човекови права на Советот на Европа, по неговата посета на поранешната југословенска Република Македонија, од 26 до 29 ноември 2012 година [Report by Nils Muižnieks, Council of Europe Commissioner for Human Rights, following his visit to the former Yugoslav Republic of Macedonia", from 26 to 29 November 2012]", веб-страница на Советот на Европа, https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?p=&id=2052823&direct=true

[8] Европска комисија, „Извештај на Европската комисија за визната либерализација со Западен Балкан", веб-страница на Европската Унија, http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-is-new/news/news/docs/20150225_5th_post-visa_liberalisation_report_with_western_balkan_countries_en.pdf

[9] Стејт департмент на САД, Извештај за човековите права за Република Македонија за 2012 година http://www.state.gov/documents/organization/186589.pdf

[10] Стејт департмент на САД, Извештај за човековите права за Република Македонија за 2013 година http://www.state.gov/documents/organization/220516.pdf

[11] Закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 135/2011.

[12] Уставен суд на Република Македонија, „Одлука на Уставниот суд", веб-страница на Уставниот суд, http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf/ffc0feee91d7bd9ac1256d280038c474/20e4ff2a9c9e1265c1257d150029ab27?OpenDocument

## Страв од виктимизација

Пред донесувањето на погоре спомenатата одлука на Уставниот суд, НВО КХАМ веќе имаше регистрирано повеќе од 80 случаи на Роми кои претрпеле нееднаков третман на граничните премини, по што побарале правна помош. Во голем дел од овие случаи следуваше (брзо) откажување од водењето постапки, а поради страв од виктимизација при следниот обид да се премине државната граница. Поради ова, голем дел од напорите на организацијата во тие години беа вложени во мотивирање на што поголем број од граѓаните да започнат судски постапки за утврдување дискриминација и да побараат надомест на штета од МВР, како и да истраат во барањето заштита на своите права. Но, знаењето и искуствата во врска со овој дел од работата на НВО КХАМ ќе биде предмет на некоја друга публикација.

Целта на оваа публикација е да ги претстави и да ги сподели искуствата кои НВО КХАМ ги имаше со судските постапки кои ги поддржа до 2015 година. Станува збор за 20 судски постапки за утврдување дискриминација против МВР, тука прикажани како студии на случај. Од овие, девет се правосилни и позитивно решени во корист на тужителот, четири тужби се повлечени, а две тужби се решени во корист на тужениот, т.е. на МВР. Во редовите подолу, најпрво е даден краток преглед на меѓународното и домашното право, вклучително и на механизмите на заштита кои се на располагање во врска со двете права кои се предмет на обработка во оваа анализа, т.е. право на слобода на движење и право на еднаквост. Потоа следи приказ на студиите на случај. Публикацијата се затвора со заклучоци донесени врз основа на ова искуство, како и препораки врзани со нив.

# Меѓународна правна рамка

Човековите права се неотуѓиви, меѓусебно поврзани и меѓусебно зависни и им припаѓаат на сите луѓе поради фактот што се родени како човечки суштества. Поради ваквата нивна природа, тие не смеат да зависат од волјата на државите и на владите, ниту, пак, на нивните домашни правни и политички системи, туку сите држави имаат обврски за почитување, заштита и остварување на основните човекови права. Две од овие права се и предмет на интерес на оваа публикација: прекршување на принципот на еднаквост и недискриминација и прекршување на слободата на движење.

Принципот на еднаквост е врвен принцип на човековите права. Тој важи во секое време и за него државата не може да смета во ниту еден момент дека не е применлив, ниту, пак, дека може врз некоја дискриминаторска основа, без разлика на пригодите во државата и во општеството, да ограничува, негира или да прекршува нечии човекови права. Слободата на движење, пак, е, исто така, човеково право утврдено во меѓународното право кое може да биде ограничено во точно определени услови, но никако на начин кој би водел до прекршување на принципот на еднаквост, односно кој би водел до дискриминација.

Во табелата број 1 е даден краток преглед[13] на најважните одредби од меѓународното право, кои се важни за овие две права, а во рамки на релевантното меѓународно право за човекови права на универзално ниво, во рамки на Организацијата на Обединетите нации (ООН), и на европско регионално ниво, во рамки на Советот на Европа (СнЕ).

Табела бр. 1: преглед на релевантни одредби од меѓународното право за човекови права според извор на меѓународно право, одредби кои се однесуваат на право на еднаквост и одредби кои се однесуваат на слобода на движење.

| Извор на меѓународно право | Право на еднаквост | Слобода на движење |
|---|---|---|
| Универзална декларација за правата на човекот | Член 2, член 7 | Член 13 |
| Конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација | Инструмент против дискриминација | Член 5 (став d, алинеи i и ii) |
| Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права | Член 2, член 26 | Член 12 |
| Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи | Член 14, протокол бр. 12 (инструмент против дискриминација | Член 2 од протокол број 4 |

[13] Целта, фокусот и ресурсите за изработка на оваа анализа не даваат можност за спроведување целосна и сеопфатна анализа на релевантното меѓународно право и вклучување на нејзините наоди во оваа публикација. Поради тоа, даден е само краток преглед на релевантните одредби и нивната содржина.

Главни документи во рамки на ООН (универзално ниво) се Универзалната декларација за правата на човекот (УДПЧ), Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација (КЕРД), Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (МПГПП).

УДЧП утврдува дека сите права кои се прогласени во неа, му припаѓаат на секое лице без разлика на, интер алиа, расата, бојата на кожа или кои било други услови (член 2). Помеѓу овие права е и слободата на движење. Имено, УДЧП предвидува дека секој има право на слобода на движење и избор на престојувалиште во границите на одделна држава, право да напушти која било земја, вклучувајки ја и својата, како и да се врати во својата земја (член 13). Важно е да се нагласи дека со овој документ се утврдува и забраната на дискриминација и важноста на принципот на еднаквост, вклучително и еднаква заштита од законот (член 7).

КЕРД е меѓународен инструмент против дискриминација со кој се забранува расната дискриминација, поради што е и еден од најзначајните документи на меѓународното право за Ромите. Расна дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова врз расата, бојата, предците, националното или етничкото потекло, што имаат цел или резултат да го нарушат или да го компромитираат признавањето, уживањето или вршењето, под еднакви услови, на правата на човекот и основните слободи на политичко, економско, социјално и на културно поле или во секоја друга област на јавниот живот (член 1). Оваа конвенција ја забранува расната дискриминација и во врска со заштитата и почитувањето на точно наведените човекови права, помеѓу кои е и слободата на движење. КЕРД утврдува дека забраната на расна дискриминација се однесува како на правото на слободно движење и живеалиште во рамки на границите на државата така и на правото да се напушти која било земја, вклучително и својата, како и право да се врати во сопствената земја (член 5, став d, алинииеи i и ii).

Во согласност со МПГПП, државата има обврска да ги почитува и да им ги гарантира правата утврдени во овој пакт на сите лица кои се наоѓаат на нивната територија и потпаѓаат под нивна надлежност, без оглед на, интер алиа, нивната раса, бојата на кожа или секоја друга околност (член 2, став 1), како и дека овие права подеднакво ќе бидат обезбедени за жените и за мажите (член 3). МПГПП, исто така, уредува и еднаквост пред законот и право на еднаква заштита пред законот, вклучително и заштита против дискриминација на основа на раса, боја на кожа или секоја друга состојба (член 26). Во однос на правото на движење, МПГММ предвидува дека секој што легално се наоѓа на територијата на една држава, има право во неа слободно да се движи и да го избере своето место на живеење, како и дека секое лице е слободно да ја напушти која и да е земја, вклучувајќи ја тука и својата. Вака уредената слобода на движење, може да се ограничи само со закон и само доколку тоа е потребно заради заштита на националната безбеденост, јавниот ред, јавното здравје или моралот, или правата и слободите на другите лица, како и доколку ограничувањето на ова право е во согласност со другите признати во овој пакт (член 12, ставови 1-3).

Во рамки на европското регионално ниво, пак, и на СнЕ поконкретно, главен документ од интерес за оваа анализа е Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (ЕКЧП). Со неа се забранети и расната и етничката дискриминација (член 14, Протокол број 12), и прекршувањето на слободата на движење (Протокол број 4, член 2). Според судската практика на

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), расната дискриминација е посебно сериозен вид дискриминација и имајќи ги предвид неговите сериозни последици, бара од страна на властите посебно внимание и ефикасна заштита. ЕСЧП е на став дека никакво разликување, кое е единствено или во најголем дел засновано на етничкото потекло на поединецот, не може објективно да се оправда во современо демократско општество, изградено на принципите на плурализмот и почитувањето на различните култури.[14] Дополнително, со Протоколот број 4 кон ЕКЧП, утврдено е дека секој има право да напушти која било земја, вклучително и својата (член 2). Со него се утврдуваат и условите под кои може да биде ограничено ова право и ги вклучуваат јавниот ред, заштитата на здравјето и моралот, безбедноста, како и правата и слободите на другите.

Одредбите од меѓународното право за човекови права недвосмислено укажуваат дека постапувањето на Македонија во врска со слободата на движење и (не)еднаквоста на Ромите на граничните премини е спротивно на меѓународното право за човекови права. Дополнително, ваквиот заклучок е потврден и од самите тела за човекови права на ООН. Неколку од нив го разгледувале конкретното прашање кое е предмет на оваа анализа и дале и препораки за надминување на оваа состојба. Имено, Комитетот за човекови права, кој го следи почитувањето на обврските на државата кои произлегуваат од ратификацијата на МПГПП, посочува дека е загрижен за фактот дека државата им го ограничува правото на македонските државјани, најчесто Ромите, слободно да ја напуштат државата и препорачува да се преземат мерки за почитување на правото на слободно движење, предвидено во член 12.[15]

Во оваа насока се и препораките на Комитетот за елиминација на расната дискриминација, кој го следи почитувањето на обврските на државата кои произлегуваат од ратификацијата на КЕРД. Овој Комитет посочува дека е загрижен за случаите за расно профилирање на Ромите кои сакаат да ја напуштат државата и препорачува државата во целост да го почитува правото на граѓаните слободно да ја напуштат и да се вратат во државата, но и да преземе соодветни мерки со кои ќе се спречи испрашување, како и апсење поради етничка припадност на лицето.[16]

[14] Пресуда на Големиот совет на ЕСЧП, Д. Х. и други против Република Чешка, бр. 57325/00.
[15] Комитет за човекови права, заклучни согледувања на Комитетот за човекови права по третиот периодичен извештај на Република Македонија [Concluding observations on the third periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia], веб-страница на Канцеларијата на високиот комесар за човекови права, http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CCPR/C/MKD/CO/3&Lang=En
[16] Комитет за елиминација на расната дискриминација, заклучни согледувања на Комитетот за елиминација на расната дискриминација по комбинираниот периодичен извештај за Република Македонија [Concluding observations of the Committee on the Elimination of Racial Discrimination the Former Yugoslav Republic Of Macedonia], веб-страница на Канцеларијата на високиот комесар за човекови права, http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CERD/C/MKD/CO/7&Lang=En

# Домашна правна рамка

И двете права кои се предмет на оваа анализа, т.е. и слободата на движење и правото на еднаквост, се заштитени како човекови слободи и права во домашната правна рамка. Одредбите кои нив ги уредуваат, ги има во највисокиот правен акт на државата, Уставот на Република Македонија (Уставот), како и во законските и во подзаконските акти. Тука е даден само краток преглед на клучните одредби кои се релевантни за оваа анализа и на кои НВО КХАМ се повикуваше во судските постапки против МВР.

Уставот ги предвидува за темелна вредност на уставниот поредок, основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати со меѓународното право и утврдени со Уставот. Според Уставот, сите граѓани имаат право да се движат и слободно да го избираат местото на живеење, како и право да ја напуштат територијата на Македонија и да се вратат во неа. Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на државата, водење кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето (член 27). Дополнително, Уставот предвидува дека човековите слободи и права можат да бидат ограничени единствено во случаи утврдени со Уставот, при што ограничувањето не смее да се прави на дискриминаторски начин, односно ограничувањето не смее да биде врз основа на, интер алиа, боја на кожа, национално и социјално потекло. Ова е дополнително предвидено со одредбата за еднаквост, според која граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата и еднакви пред законот независно од, интер алиа, расата, бојата на кожата и националното и социјалното потекло (член 9).

Заштитата на основните слободи и права се остварува преку т.н. гаранции на основните слободи и права, односно можност за нивна заштита пред редовните судови и пред Уставниот суд во постапка, заснована на приоритет и итност (член 50, став 1). На граѓаните им се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти, донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања (член 15). Судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот (член 98).

Законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со законот. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите (член 51). Дополнително, со законите не може да се менуваат меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот и се сметаат за дел од внатрешниот правен поредок (член 118). Релевантни закони за оваа анализа се: Законот за гранична контрола, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за полиција.

Законот за гранична контрола е важен за оваа анализа, бидејќи утврдува која е целта на граничната контрола, како треба да се врши таа, како и кои услови мора да се запазат со цел да не дојде до нарушување на човековите права со постапувањето на надлежните служби. Ниту една од одредбите на овој Закон не остава простор на државните власти за спроведување дискриминаторска практика кон Ромите, ниту, пак, за спроведување институционализирано расно

профилирање. Напротив, Законот содржи точно определена цел со која се врши граничната контрола, принципи под кои се врши, а кои вклучуваат и заштита на човековото достоинство, еднаквост и пропорционалост, како и постапки и определен круг на надлежности со кои не се навлегува во човековите слободи и права надвор од она што е предвидено, како и дозволено со Уставот и со меѓународното право за човекови права.
Имено, овој Закон утврдува дека граничната контрола се врши со цел: (1) спречување и откривање кривични дела и прекршоци и откривање и фаќање на нивните сторители; (2) спречување и откривање на илегалната миграција и трговија со луѓе; (3) заштита на животот, здравјето на луѓето, личната сигурност, имотот, животната средина и природата; и (4) спречување и откривање други опасности по јавниот ред, правниот поредок, националната безбедност и меѓународните односи. Покрај ова, овој Закон утврдува дека и вршењето на граничната контрола мора да се врши во согласност со принципите на почитување на човековото достоинство, пропорционалност и забрана на дискриминација врз основа на, интер алиа, раса или етничка припадност и боја на кожа (член 8), како и според точно определените законски овластувања на полициските службеници.[17] Предвидено е дека сите лица кои ја преминуваат државната граница се предмет на минимални проверки и утврдени се начинот, постапката и правата и обврските при нејзиното вршење.[18] За крај, овој Закон предвидува одложена примена на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор, односно таа ќе се смета за дел од домашниот правен поредок и е применлива по приемот на Македонија во ЕУ (член 3, став 1, точка 12). Поради ова, ништо содржано во овој Закон не може да се смета за правна основа за постапувањето на граничната полиција.

Ист е случајот и со Законот за полицијата. Имено, според овој Закон, основна функција на полицијата е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството (член 3). Законот утврдува кои работи се сметаат за полициски работи,[19] услови за ограничување на основните слободи и права .

[17] Член 13 утврдува дека полицискиот службеник при извршување на граничните проверки, ги има следните овластувања: да побара валиден патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница; да го утврди идентитетот на лицето кое има намера да ја премине државната граница; да провери дали се исполнети условите за влез и излез од Република Македонија утврдени со закон; да даде упатства и наредби со цел непречено и брзо одвивање на граничните проверки; доколку постојат индиции, односно основи за сомневање за сторено кривично дело или прекршок, да изврши гранични проверки на втора линија, што подразбира и преглед или претрес на лицето и предметите и превозното средство што ги поседува; да ја провери валидноста на патниот документ, односно на друг документ пропишан за преминување на државната граница; да изврши проверка на отпечатоци од прсти и дланки и други биометриски податоци во соодветните евиденции; да изврши проверка во оперативните (побараните) и другите евиденции и во електронските бази на податоци за лица, предмети и превозни средства; и да го задржи лицето за времето неопходно и потребно за извршување на граничните проверки, но не подолго од 24 часа. Извор: Закон за гранична контрола, Службен весник на Република Македонија бр. 171/2010, 41/2014, 148/2015 и 55/2016.
[18] Ваквите минимални гранични проверки се вршат над сите лица кои ја преминуваат државната граница, со цел проверка и утврдување на идентитетот врз основа на дадениот патен документ или друг документ пропишан за преминување на државната граница, а преку брза и едноставна проверка со помош на соодветни технички уреди и со проверка во соодветните евиденции и електронски бази на податоци, исклучиво за да се провери дали патниот документ, односно другиот документ пропишан за преминување на државната граница, е украден, злоупотребен, изгубен или е неважечки, да се провери неговата валидност, како и да се провери присуството на знаци кои укажуваат на злоупотреба, фалсификување или преправање на документот. Ваквите проверки се применуваат за државјаните на Македонија, како и за лицата кои го уживаат правото на Заедницата за слободно движење. Притоа, полицискиот службеник може врз несистематска основа да провери во соодветните евиденции и електронски бази на податоци, дали тие лица претставуваат закана за националната безбедност, јавната политика, меѓународните односи или закана по јавното здравје (член 15). Извор: Закон за гранична контрола, Службен весник на Република Македонија бр. 171/2010, 41/2014, 148/2015 и 55/2016.
[19] Член 5 од Законот за полиција предвидува дека полициски работи во смисла на овој Закон, се дејства на полициските службеници што се однесуваат на: заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори; спречување вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање други мерки, определени со закон, за гонење на сторителите на тие дела; одржување на јавниот ред и мир; регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата; контрола на движење и престој на странци; обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница; укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба; обезбедување определени личности и објекти; и други работи утврдени со закон. Извор: Закон за полиција, Службен весник на Република Македонија бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 120/2016, Одлука на Уставен суд: 5.11.2008 година.

на човекот и граѓанинот,[20] како и право на претставка во случај на повреда на слободите и права при полициско постапување (член 8). Во која било од околностите утврдени во овој Закон, во Уставот, друг закон или во меѓународен договор, полицијата не може и не смее да ги врши своите должности на дискриминаторски начин.[21] Од ова може да се заклучи дека законодавецот јасно предвидел дека вршењето на полициските работи во ниту еден случај и по ниту едни околности не можат да се вршат на дискриминаторска основа. Според ова, законска основа за постапувањето кон Ромите на граничните премини нема ни во овој Закон.

Посебен Закон со кој се утврдува спречување и заштита од дискриминација, беше донесен во 2010 година. Со Законот за спречување и заштита од дискриминација, се уредува спречувањето и заштитата од дискриминација во остварувањето на правата загарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори и во приватниот и во јавниот сектор и во сите полиња на општественото живеење,[22] од страна на физички и правни лица,[23] и на отворената листа на дискриминаторски основи, помеѓу кои и раса, боја на кожа, припадност на маргинализирана група и етничка припадност.[24] Вака определениот персонален и материјален опфат на Законот, не остава никаков простор за озаконување, односно легитимирање на постапувањето на МВР при прекршувањето на слободата на движење и правото на еднаквост, ниту, пак, простор за сомнеж за евентуална дозволеност на постапувањето на МВР.

[20] Член 32 (став 1) утврдува дека полицијата може да ги ограничи основните слободи и права на човекот и граѓанинот само под услови и во постапка утврдени со Уставот на Република Македонија и со закон. Извор: Закон за полиција, Службен весник на Република Македонија бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 120/2016, Одлука на Уставен суд: 5.11.2008 година, член 32, став 1.
[21] Според овој закон, за дискриминација се смета секое неоправдано правно или фактичко, непосредно или посредно правење разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи, кое се заснова на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа. Извор: Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010, 44/2014, 150/2015 и 31/2016, Одлука на Уставен суд: 15.9.2010 година.
[22] Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010, 44/2014, 150/2015 и 31/2016, Одлука на Уставен суд: 15.9.2010 година, член 4.
[23] Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010, 44/2014, 150/2015 и 31/2016, Одлука на Уставен суд: 15.9.2010 година, член 2.
[24] Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010, 44/2014, 150/2015 и 31/2016, Одлука на Уставен суд: 15.9.2010 година, член 3.

# Механизми за заштита

Главни механизми кои може да бидат активирани за заштита на правата на граѓаните при прекршена слобода на движење, при обид за излез од државата и претрпен нееднаков третман, се: поднесување претставка до Комисијата за заштита и спречување од дискриминација (КЗД) или до Народниот правобранител, поднесување тужба за повреда на правото на еднаквост (дискриминација) и надомест на штета до месно надлежен суд и поднесување барање до Уставен суд за заштита на слободите и правата.

Во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација, лицето кое смета дека било дискриминирано, може да поднесе претставка до КЗД. Претставката се поднесува писмено или усно на записник. Досегашната практика на КЗД ја става под знак прашалник ефективноста на овој механизам, а поради пасивноста на ова тело во врска со дискриминаторската практика на МВР кон ромската етничка заедница, вклучително и преку изостанување каква било медиумска реакција за ваквото постапување.[25] Единствен видлив чекор на КЗД е што во еден од овие случаи во 2015 година, тој утврди дискриминација. [26]

Народниот правобранител е независен и самостоен орган, кој во согласност со Законот за народен правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејства и пропуштања дејства од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејства и мерки за, помеѓу другото, заштита на начелото на недискриминација. Постапката за заштита на уставните и законските права на граѓаните пред Народниот правобранител, се покренува со поднесување претставка од кое било лице кое цени дека му/ ѝ се повредени уставните и законските права или, пак, начелото на недискриминација во рамки на јавниот сектор, а Народниот правобранител може да покрене постапка и по сопствена иницијатива.

Постапувајќи по претставки за дискриминација на граничните премини и ограничување на правото на слободно движење, поднесени од граѓани од ромската етничка заедница, Народниот правобранител утврдил дека се работи за дискриминаторска практика на МВР кон Ромите. Во четири едноподруго годишни извештаи за периодот од 2012 до 2015 година,[27] Народниот правобранител ја повторува оваа констатација.[28] Дополнително, поскорешните извештаи

[25] Ова е јасно забележано во анализата на имплементацијата на Декадата на Ромите, изработена од Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија. Имено, во анализата е содржана следнава информација: „Од Комисијата за заштита од дискриминација добивме известување дека Комисијата има добиено една претставка по однос на ова прашање, од страна на ромско здружение, меѓутоа не утврдиле дискриминација поради недостиг на факти и докази. Комисијата наведе дека во овој дел комесарите учествуваат на разни форуми и дебати што упатуваат на поддршка за надминување на постоечката ситуација со евентуална дискриминација на овие лица, како и дека е евидентно дека состојбата на докажување, односно прибавување факти и докази, ја истакнува специфичноста на докажувањето на дискриминацијата, во овој случај". Извор: Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Помеѓу имплементација и реалност на Националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Ромите 2005 – 2015", веб-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/629/Romi_Analiza_Helsinski.pdf

[26] Комисијата за заштита од дискриминација, „Годишен извештај на Комисијата за заштита од дискриминација за 2015 година", Академик, http://www.akademik.mk/wp-content/uploads/2016/04/diskriminacija.pdf

[27] Народен правобранител на Република Македонија, „Годишен извештај на Народниот правобранител за 2012 година", веб-страница на Народниот правобранител, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2012/GI-2012.pdf ; Народен правобранител на Република Македонија, „Годишен извештај на Народниот правобранител за 2013 година", веб-страница на Народниот правобранител, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2013.pdf; Народен правобранител на Република Македонија, „Годишен извештај на Народниот правобранител за 2014 година", веб-страница на Народниот правобранител, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2014/GI%202014.pdf; Народен правобранител на Република Македонија, „Годишен извештај на Народниот правобранител за 2015 година", веб-страница на Народниот правобранител, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2015/GI_2015-za_pecat.pdf

[28] Како, на пример, во годишниот извештај на Народниот правобранител за 2014 година. Извор: Народен правобранител на Република Македонија, „Годишен извештај на Народниот правобранител за 2014 година", веб-страница на Народниот правобранител, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2014/GI%202014.pdf

укажуваат на зголемен број претставки по оваа основа. Покрај ова, во овие извештаи Народниот правобранител информира и дека не се почитуваат неговите препораки за почитување на домашните и на меѓународните стандарди во врска со забраната за дискриминација и слободата на движење. Имено, Народниот правобранител препорачува дека за подобрување на состојбата и обезбедување сеопфатна правна процедура, потребно е да се надгради правната рамка и да се зајакне правната сигурност на граѓаните во врска со правото на слободно движење, особено преку добивање писмени одлуки за недозволениот премин на граница. Сите овие информации, Народниот правобранител ги вклучил и во информацијата која ја упатил до Владата, а со која се потврдува системската практика на расно-мотивирана дискриминација врз Ромите на граничните премини.

Судска заштита може да се побара со поднесување тужба за повреда на правото на еднаквост (дискриминација) и надомест на штета до месно надлежен суд. Со тужбата може да се бара: да се утврди дека тужениот го повредил правото на тужителот на еднаков третман, односно дејството коешто го презел или го пропуштил, може непосредно да доведе до повреда на правата на еднаквост во постапувањето; да се забрани преземање дејства со кои се крши или може да се прекрши правото на тужителот на еднакво постапување, односно да се извршат дејства со кои се отстранува дискриминацијата или нејзините последици; да се надомести материјалната и нематеријалната штета причинета со повреда на правата заштитени со овој закон; и да се објави во медиумите пресудата со која е утврдена повреда на правата на еднакво постапување на трошок на тужениот.

За крај, заштита може да се побара и до Уставниот суд и тоа за повреда на, интер алиа, забраната на дискриминација на граѓаните по основа на раса или национална припадност преку поединечен акт или дејство, а во рок од 2 месеци од денот на доставувањето конечен или правосилен поединечен акт, односно од денот на дознавањето за преземање дејство со кое е сторена повредата, но не подоцна од 5 години од денот на неговото преземање. Оваа постапка тече по приоритетност и итност, па роковите кои течат за процесирање на случаите се пократки. Уставниот суд на крајот донесува одлука со која констатира дали е направена повреда. Доколку најде дека нема повреда, ќе го одбие барањето за заштита, а доколку најде дека има повреда, може да го поништи поединечниот акт, како и да го забрани дејството со кое е сторена повредата.

# Студии на случај

И покрај уставната заштита на правото на слободно движење и начелото на недискриминација, од 2011 година се забележува системско дискриминирање на припадниците на ромската етничка заедница од страна на граничните службеници на МВР, кои спречуваат излез на македонските граѓани, припадници на ромската етничка заедница, единствено поради сомнеж дека тие лица ќе го злоупотребат безвизниот режим и ќе бараат азил во земјите на ЕУ, практика која продолжи и во наредните години и особено во текот на 2014 година. Образложението на полициските службеници е дека овие граѓани не ги исполнуваат условите за влез во земјите-членки на ЕУ, поради постоење ризик дека ќе го злоупотребат безвизниот режим барајќи азил во некоја од тие земји. Притоа, во ниту еден случај на лицата на кои им бил попречен излезот од државата не им бил доставен никаков писмен акт или одлука со објаснување за причините, што, пак, ги оневозможува граѓаните да го искористат правото на ефикасен правен лек.

Дека оваа практика несомнено е расна дискриминација и вклучува расно профилирање, покажува и фактот што единствено граѓани од ромската етничка заедница биле подложени на ваков дискриминаторски третман. Дополнително, како што е прикажано во студиите на случај подолу во текстот, во сите случаи, граничните службеници или им го ограничиле правото да ја напуштат сопствената држава или, пак, различно ги третирале во споредба со граѓаните од другите етнички заедници,[29] бидејќи се Роми, кои „ќе бараат азил“ во ЕУ.[30] Дотолку повеќе, практиката покажува дека ненужно ова се случува само кога дестинацијата на патувањето е земја-членка на ЕУ, туку на лицата им се ограничува слободата на движење и им се прекршува правото на еднаквост, дури и ако патуваат во некоја соседна земја која не е членка на ЕУ,[31] како што појаснува едната од студиите на случај подолу.

Во продолжение следува приказ на позитивни и негативни примери од досегашната судска практика за случаите водени од страна на здружението на граѓани КХАМ Делчево. Примерите даваат опис на случајот, акција преземена од КХАМ и исход од неа. Потоа текстот продолжува со резиме на искуствата од овие случаи, заедно со сознанијата и со искуствата од другите здруженија кои работат на стратешко застапување во случаи на дискриминација на Ромите на граничните премини: Македонското здружение на млади правници и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија.

[29]Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија спроведе тестирање на ситуација на граничните премени, со цел да прибере докази за сериозните основани сомненија дека станува збор за расното профилирање на Ромите, односно за дискриминаторска практика кон ромската етничка заедница, а не за индивидуални случаи. Тестирањето ситуација претставува метод кој се користи во случаи на дискриминација во кои недостигаат факти и докази и која е тешко да се докаже. Тестирањето беше поставено на начин што беа вклучени вкупно 5 тестери: тројца Роми, еден Македонец (контролен тестер) и еден Албанец (контролен тестер). Тестирањето беше лично и беше повторено двапати. Спроведеното тестирање го докажа расното профилирање кое се врши на граничните премини од страна на полициските службеници, односно докажа дека единствено Ромите се вадат од автобус, единствено ним им се бараат документи за престој (на пример, гарантно писмо), единствено од нив се бара да докажат колку пари носат со себе. Врз основа на резултатите од спроведеното тестирање, но и сите претходни случаи, анализи и извештаи, беше поднесена тужба против МВР со цел да биде утврдена дискриминација врз ромската етничка заедница. Судската постапка по поднесената тужба е сè уште во тек.

[30]За ова, види во примерите од практиката, подолу во текстот.

[31]Ова го потврдуваат пријавените случаи во повеќе здруженија на граѓани кои работат во делот на недискриминација, како и спроведеното тестирање во ситуацијата од страна на Хелсиншкиот комитет (за тестирањето ситуација, види погоре во фуснота 28).

## Позитивни одлуки со кои е утврдена дискриминација

*Случај бр. 1:* С. Ј. од Кочани против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи.

С. Ј., припадник на ромската етничка заедница, државјанин на Македонија, на 27 јуни 2014 година, сакал да патува за Шведска кај свои роднини за период од три месеци. Имал намера да оствари излез од државата преку граничниот премин, аеродромот „Александар Велики" - Скопје, за што си обезбедил повратен билет до Гетеборг, Шведска. Но, непосредно пред полетувањето на авионот, а по извршената гранична контрола од страна на полициските службеници, бил неочекувано спречен да се качи во авионот. Му бил одземен авионскиот билет, како и гарантното писмо кое го поседувал од неговиот роднина. На патната исправа му втиснале штембил со две коси црти и во придружба на полициски службеници е изнесен од аеродромот до самиот влез. Изненаден од таквото постапување на полициските службеници, С. Ј. им побарал образложение и објаснување зошто му е забранет излез од Република Македонија и зошто не му се враќаат документите кога претходно четирипати патувал на иста релација. Одговорот бил дека не може да ја помине границата, бидејќи е Ром и ќе оди во странство да бара азил.

С. Ј. поднесе тужба до Основен суд Кочани, со која побара од судот да утврди дека тужениот, Министерството за внатрешни работи на Република Македонија (МВР), му го повредил правото на еднаквост со надомест на штета. Основниот суд Кочани донесе пресуда со која тужбеното барање беше усвоено, односно утврдена е дискриминација поради национална припадност.[32] Тужениот, МВР, изјави жалба на донесената пресуда до Апелецискиот суд Штип, кој ја потврди првостепената пресуда на Основен суд Кочани. Преку извршна постапка, тужителот е обесштетен со надомест на нематеријална штета за претрпена душевна болка поради повреда на правото на еднаквост во износ од 30.000 денари.

*Случај бр. 2:* Д. Ј. од Кочани против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи.

Припадник на ромската етничка заедница, државјанин на Македонија, на 27 јуни 2014 година сакал да патува со автобус за Германија со неговите брат и снаа, преку граничниот премин „Табановце". По пристигнувањето на граничниот премин и по извршената гранична проверка на сите патници од страна на полициските службеници, Д. Ј. бил симнат од автобусот и не му бил

[29]Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија спроведе тестирање на ситуација на граничните премени, со цел да прибере докази за сериозните основани сомненија дека станува збор за расното профилирање на Ромите, односно за дискриминаторска практика кон ромската етничка заедница, а не за индивидуални случаи. Тестирањето ситуација претставува метод кој се користи во случаи на дискриминација во кои недостигаат факти и докази и која е тешко да се докаже. Тестирањето беше поставено на начин што беа вклучени вкупно 5 тестери: тројца Роми, еден Македонец (контролен тестер) и еден Албанец (контролен тестер). Тестирањето беше лично и беше повторено двапати. Спроведеното тестирање го докажа расното профилирање кое се врши на граничните премини од страна на полициските службеници, односно докажа дека единствено Ромите се вадат од автобус, единствено ним им се бараат документи за престој (на пример, гарантно писмо), единствено од нив се бара да докажат колку пари носат со себе. Врз основа на резултатите од спроведеното тестирање, но и сите претходни случаи, анализи и извештаи, беше поднесена тужба против МВР со цел да биде утврдена дискриминација врз ромската етничка заедница. Судската постапка по поднесената тужба е сè уште во тек.

[30]За ова, види во примерите од практиката, подолу во текстот.

[31]Ова го потврдуваат пријавените случаи во повеќе здруженија на граѓани кои работат во делот на недискриминација, како и спроведеното тестирање во ситуацијата од страна на Хелсиншкиот комитет (за тестирањето ситуација, види погоре во фуснота 28).

[32]Напоменуваме дека во самите тужби е наведено дека се работи за лице „Ром по националност" и истиот термин се употребува и во пресудите. Во завршниот збор, се прецизира „припадник на ромска етничка заедница" кога треба да се прецизира основата за дискриминација.

дозоволен излез од Република Македонија, бидејќи не ги исполнувал условите за излез од државата, односно не поседувал гарантно писмо и повратна карта. Образложението било дека и тој како останатите Роми ќе бара азил во Германија.

Д. Ј. поднесе поднесе тужба до Основен суд Кочани со која побара од судот да утврди дека тужениот МВР му го повредил правото на еднаквост, поради што побара од тужениот да му биде надоместена нематеријална штета. Основниот суд Кочани донесе пресуда со која тужбеното барање го усвои, односно утврди дискриминација поради национална припадност. Тужениот, МВР, изјави жалба на донесената пресуда до Апелацискиот суд Штип, кој ја потврдил првостепената пресуда на Основен суд Кочани. Преку извршна постапка, Д. Ј. е обесштетен со надомест на нематеријална штета во износ од 30.000 денари.

*Случај бр. 3:* Ѓ. А. од Виница против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи.

Ѓ. А. е припадничка на ромската етничка заедница, државјанка на Македонија. Таа на 22 ноември 2014 година сакала да патува за Словенија, преку граничниот премин „Табановце“, кај свои роднини на свадба. Таа поседувала повратен билет и гарантно писмо. По извршенот увид на патната исправа од страна на полициските службеници, не ѝ бил дозволен излез од државата од причини што гарантното писмо било нејасно, немала доволно парични средства и немала повратен билет, а на патната исправа ѝ втиснале штембил со две коси црти. Откако побарала образложение и појаснување за причините што не  дозволиле излез од државата, одговорот бил дека, како и сите Роми, имала намера да патува во друга држава-членка на ЕУ, а не во Словенија како што тврдела и дека со автобусот со кој патувала немала право да патува, бидејќи автобусот бил за релација Куманово – Рим.

Ѓ. А. поднесе тужба до Основен суд Виница, со која побара од судот да утврди дека тужениот МВР го повредил правото на еднаквост, поради што побара од тужениот да ѝ биде надоместена нематеријална штета. Судот донесе пресуда со која тужбеното барање го усвои и утврди дискриминација поради национална припадност. Туженот, МВР, изјави жалба на донесената пресуда до Апелацискиот суд Штип, кој ја потврди првостепената пресуда на Основен суд Виница. Преку извршна постапка, Ѓ. А. е обесштетена со надомест на нематеријална штета во износ од 20.000 денари.

*Случај бр. 4:* Е. Ј. од Виница против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи.

Е. Ј. е припадник на ромската етничка заедница, државјанин на Македонија. На ден 22 ноември 2014 година сакал да патува за Словенија кај свои роднини на свадба, за што поседувал повратен билет и гарантно писмо. Но, по извршениот увид на патната исправа од страна на полициските службеници, не му бил дозволен излез од причини што гарантното писмо било нејасно, немал доволно парични средства и немал повратен билет. На патната исправа втиснале штембил со две коси црти. Откако побарал образложение и појаснување кои се причините за тоа што не му дозволиле излез од државата, одговорот бил дека, како и сите Роми, имал намера да патува во некоја држава, членка на ЕУ, а не во Словенија и дека со автобусот со кој патувал немал право да патува, бидејќи автобусот бил за релација Куманово – Рим.

Е. Ј. поднесе тужба до Основен суд Виница, со која побара од судот да утврди дека тужениот МВР му го повредил правото на еднаквост и надомест на штета, а потоа судот донесе пресуда со која тужбеното барање е усвоено и утврдена е дискриминација поради национална припадност. Тужениот, МВР, изјавува жалба на донесената пресуда до Аплецискиот суд Штип, кој суд ја потврди првостепената пресуда на Основен суд Виница. Во извршна постапка, Е. Ј. е обесштетен со надомест на нематеријална штета во износ од 20.000 денари.

*Случај бр. 5:* Е. М. од Делчево против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи.

Припадник на ромската етничка заедница и државјанин на Македонија, Е. М. на 12 декември 2012 година сакал да патува во Република Бугарија, преку граничниот премин Делчево, кај свои роднини. Патувал со приватно моторно возило, сопственост на неговиот пријател В. К. од Делчево, етнички Македонец, кој патувал заедно со него. При вршењето увид на патните исправи од страна на полициските службеници на граничниот премин, Е. М. е отстранет од возилото и внесен во полициската станица. Извршен е и претрес со образложение дека криел авионски билет за патување во некоја европска држава, и „како сите Роми, да бара азил“. На патната исправа втиснале штембил со две коси црти, при што не му бил дозволен излез од државата и бил вратен назад. На 31 октомври 2014 година, имал намера да патува за Германија заедно со неговиот прв братучед со приватно моторно возило, преку граничниот премин Табановце. Полициските службеници му ја прегледале патната исправа, го симнале од возилото и го упатиле кај раководителот на полициската станица, кој наредил да не му се дозволи излез од државата, бидејќи тој бил Ром и потенцијален барател на азил, што особено се потврдувало од втиснатиот штембил од 12 декември 2012 година.

Е. М. до Основен суд Делчево поднесе тужба, со која побара од судот да утврди дека тужениот МВР му го повредил правото на еднаквост. Судот донесе пресуда со која тужбеното барање го усвои и утврди дискриминација поради национална припадност на тужителот. Против оваа пресуда, тужениот МВР изјави жалба до Апелациски суд Штип, по која се чека второстепена одлука од мај 2016 година.

## Негативни одлуки со кои не е утврдена дискриминација

Случај бр. 6: *Д. М. од Виница против Република Македонија, Министерство за внатрешни работи.*

Припадничка на ромската етничка заедница, државјанка на Македонија, на 29 ноември 2014 година сакала со авион да патува за Германија кај нејзиниот син, поради што имала авионска карта во еден правец. Од страна на службените работници на граничната контрола, и покрај тоа што не постои таква обврска, покрај биометриска патна исправа и авионската карта на Д. М., ѝ биле побарани гарантно писмо и доволно пари за престој во Германија. По ова не ѝ бил дозволен излез од државата, а на патната исправа и втиснале штембил со две црти на горнот лев агол.

Лицето Д. М. поднесе тужба до Основен Суд Виница за утврдување повреда на правото на еднаквост со надомест на штета. Основниот суд во Виница донесе пресуда со која го одби тужбеното барање како неосновано со образложение дека лицето не ги исполнувало условите за излез од државата и патување во земјите на ЕУ, па во согласност со тоа, службата на граничната контрола на аеродоромот во Скопје правилно постапила кога на лицето Д. М. и оневозможило излез од државата.

Незадоволна од ваквата пресуда, тужителката Д. М. поднесе жалба до Апелацискиот суд во Штип, кој ја одби жалбата и ја потврди првостепената пресуда, образложувајќи дека: „За непречен излез од територијата на Република Македонија и влез во земја-потписничка на Шенгенскиот договор, во согласност со член 5 од Шенген-бордер кодот, не било доволно да се поседува само биометриска патна исправа туку и да се исполнат и други услови, односно да се поседуваат дополнителни документи предвидени во анекс 1 од оваа Регулатива, со кои се докажуваат мотивите и целите на патувањето и престојот во земјите-членки на ЕУ“.[33]

Земајќи ги предвид одредбите од Шенген-бордер кодот, Судот утврдува дека на Д. М. не ѝ било повредено правото на еднаквост, како и правото на слобода на движење. Според Апелацискиот суд Штип, службите на граничната контрола при постапувањето ги почитувале сите прописи кои важеле во Република Македонија, а дејствата преземени од нивна страна во врска со конкретниот случај, не претставувале повреда на правото на еднаквост (дискриминација), ниту, пак, повреда на слободата на движење.

Случај бр. 7: *С. И. од Делчево против Р–епублика Македонија, Министерство за внатрешни работи.*

Припадничка на ромската етничка заедница, државјанка на Македонија, на 15 септември 2013 година, заедно со нејзината сестра, требало да патува за Германија во посета на својата болна мајка преку граничниот премин Делчево. Од страна на полициските службеници не ѝ бил дозволен излез од земјата под сомнение дека таа, бидејќи е Ромка, имала намера да бара азил во Германија и дека лажела за намерата и целта на патувањето. Полициските службеници го обележале нејзиниот пасош, ставајќи две коси линии на горниот лев дел од патната исправа. Подоцна, истиот ден, откако нејзиниот чичко гарантирал дека навистина оди во посета на својата мајка во Германија, дозволиле да ја помине државната граница. Во меѓувреме, мајка ѝ починала.

[33] Цитат од пресудата, достапен на адвокатот на НВО КХАМ.

На 27 август 2014 година, патувајќи кон Благоевград (Република Бугарија) со нејзиниот татко, со намера да ги преземат личните работи на нејзината почината мајка, на С. И. повторно на истиот граничен премин не ѝ бил дозволен излез од територијата на Македонија од причини што веќе претходно втиснатиот штембил бил индикатор дека таа веќе била обележана како Ромка, потенцијална барателка на азил. И повторно, со ургенции,ѝ бил дозволен излез од државата.

С. И. поднесе тужба до Основен суд Делчево со која побара Судот да утврди дека тужениот МВР ѝ го повредил правото на еднаквост со надомест на штета. Судот донесе позитивна пресуда со која тужбеното барање го усвои на начин што утврди дискриминација поради национална припадност и го задолжи тужениот, МВР, да ѝ надомести на тужената износ од 40.000 денари како нематеријална штета. Тужениот изјави жалба на донесената пресуда до Апелацискиот суд Штип.

Апелацискиот суд во Штип најде дека жалбата на МВР е основана, па на 7 април 2016 година донесе пресуда со која се укина пресудата на Основниот суд во Делчево и предметот се врати на повторно судење. Во образложението на пресудата, како решителен факт кој наводно Основниот суд Делчево не го утврдил, е дали МВР постапило дискриминаторски со нееднакво постапување ставајќи ја тужителката во нееднаква положба во однос на останатите граѓани, како и дека не е утврдено дали тужителката трпела штетни последици врз основа на таквиот третман. Дополнително, се наведува дека Основниот суд Делчево не утврдил дека С. И. ги поседувала потребните документи за излез од државата. На крај, како преседан, во насоките на Апелацискиот суд Штип се вели дека Основниот суд треба да утврди дали тужителката дала лажна изјава во однос на земјата за кој патувала, како и при повторно одлучување да се земе предвид член 5 и член 34 од Шенген-бордер кодот.

# Главни наоди

Анализата на овие студии на случаи доведе до три главни наоди, презентирани во текстот кој следи. Пред тие да се наведат, потребно е да се потсети дека во октомври 2015 година, во организација на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) - Мисијата во Скопје, Народниот правобранител и на Хелсиншкиот комитет, беше организирана конференцијата„Ограничување на правото на слободно движење на Ромите на граничните премини". Оваа конференција имаше цел генерирање конкретни препораки за дејствата кои државата треба да ги преземе за надминување на дискриминацијата врз Ромите на граничните премини. На неа учествуваа претставници на здруженија на граѓани кои работат на овој проблем, но и претставник на МВР. Наодите кои следат тука, како и оние од заклучокот даден на крајот од оваа анализа, се комплементарни со препораките изречени на оваа конференција,[34] што укажува на постоечки консензус околу чекорите кои треба да се преземат за да се спречи понатамошно прекршување на слободата на движење на лицата од ромска етничка припадност, како и прекршувањето на врвниот принцип на човековите права – принципот на еднаквост.

## Засновање на судските одлуки врз неважечки прописи во правниот систем на Република Македонија

Во два од негативните примери посочени погоре, насоките од Апелацискиот суд се дека треба да се почитуваат одредбите од Шенген-бордер кодот,[35] иако Македонија не е земја-потписничка на Шенгенскиот договор, ниту, пак, е членка на ЕУ. Имено, Шенгенскиот договор, од кој произлегува и Шенген-бордер кодот, е правно обврзувачки пропис, со директно правно дејство на државите кои се членки на ЕУ.

Но, овој пропис не е дел од домашното право, што јасно се гледа и од член 3, став 1, точка 12 од Законот за гранична контрола (цитиран погоре, во делот „Домашна правна рамка"). Имено, со овој член јасно се предвидува одложена примена на Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор, односно таа ќе се смета за дел од домашниот правен поредок и ќе биде применлива по приемот на Македонија во ЕУ. Покрај ваквото очигледно противуставно постапување, постои и конфузија меѓу судиите за природата на овој пропис. Дел од судовите овој пропис го сметаат за меѓународен договор, иако не е, а некои одат дотаму што не прават разлика меѓу овој пропис и Шенгенскиот договор, што се два целосно различни правни документи. Во една од првостепените пресуди, според судот, и „Република Македонија е земја-потписничка на Шенгенскиот договор".

Судска одлука во Република Македонија може да се заснова само врз основа на Устав, закон и ратификуван меѓународен договор. Шенгенскиот граничен кодекс е регулатива на Европската Унија (ЕУ) со која се воспоставуваат правила на заедницата, со кои се уредува движењето на

[34] Целосниот текст на овие препораки може да се најде на следнава веб-локација:
http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/1064/Roma_Racial_Profiling_Conference_Recommednations__MK.pdf
[35] Наведени беа член 5, точка Ц и член 34, точка Ц. Види: Шенген-бордер код: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=URISERV:l14514&from=EN

лицата преку границите. Регулативата е правно обврзувачки пропис којшто има непосредно и директно правно дејство на целата територија на ЕУ. Регулативата како таква е правно образувачка за земјите-членки на ЕУ. Но, Македонија не е членка на ЕУ и во согласност со тоа, до зачленувањето во ЕУ, регулативите на ЕУ не се извор на правото во Република Македонија и одлуките и дејствата на државните органи и судовите не можат да бидат засновани на нив. Дополнително, со оваа регулатива се уредува преминувањето на границите на ЕУ, а не и излегување од границата на земја која не е членка на ЕУ. Во ниту еден ратификуван меѓународен договор меѓу Република Македонија и ЕУ или државите-членки на ЕУ, Македонија се нема обврзано на директна примена на овој пропис.

## 2.Неизедначена судска практика

Во пресудите со кои се уважуваат тужбените барања од тужбите за утврдување на дискриминација, судот прифаќа дека за излез од Македонија е потребна само патна исправа, односно пасош, а не и дополнителни документи во согласност со Шенгенската регулатива, бидејќи слободата на движење е гарантирана со Уставот и може да биде ограничена само во согласност со Уставот, но никогаш не на дискриминаторски начин.[36]

Во пресудите во кои се одбиваат тужбените барања или се преиначуваат првостепените судски пресуди за дискриминација, судовите заземаат став дека работата на полициските службеници не претставува нееднакво постапување кон тужителите заради нивната етничка припадност, односно дека не се дискриминирани, и во целост го применуваат член 5, точка Ц од Шенген-бордер кодот, во кој, меѓу другото, се вели дека „за влез во земјите на ЕУ е потребно ...да се оправда целта и условите за престојот и да имаат доволно средства за него...“ Членот 5 се однесува на условите за влез на државјани од трети земји, што значи дека членот е неприменлив при излез на државјаните на Република Македонија, кои сакаат да патуваат надвор од Македонија. Во образложението на овие пресуди е константно присутно дека услов за излез во земјите на ЕУ е и поседување гарантно писмо во согласност со Шенген бордер кодот, меѓутоа според Анекс 1 - докази за утврдување за исполнување на условите за влез, никаде не стои дека е потребно гарантно писмо како услов.

Посебно индикативно е повикувањето на член 3 од Законот за гранична контрола, а ја занемаруваат суштината на овој член во кој јасно е кажано дека Шенгенската регулатива е неприменлива во Република Македонија. Овие пресуди, Шенгенската регулатива ја третираат и како закон и како договор, иако се работи за уредба на Европскиот совет и Комисија, што за Македонија е незадолжително и се применува со правна сила поголема од Уставот и од законите што го третираат ова право.

[36] Овие одредби се наведени погоре во текстот, во делот „Домашна правна рамка“.

## 3.Ограничување на пристапот до правда

Во дел од првостепените пресуди, донесени од страна на Основниот суд Скопје II Скопје, Основниот суд Велес и Основниот суд Берово, судиите неосновано дозволија надомест на трошоци на МВР.

Имено, МВР како тужено во постапките, беше застапувано од страна на вработени лица, правници во Министерството, а по претходно добиено заменичко полномошно од страна на Државното правобранителство. Во донесените пресуди, судиите се повикуваат на член 148 од Законот за парнична постапка, кој се однесува на надомест на трошоци на адвокати, но не и на вработени лица во правните субјекти кои се тужители или се тужени. Судот може да дозволи трошоци единствено кога државните институции кои се странка во постапката ги застапува Државен правобранител, а во согласност со член 17 од Законот за државното правобранителство. Во овој член е наведено дека трошоците за застапување на државниот правобранител, се определуваат според тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите. Средствата наплатени на име трошоци за застапување се приход на буџетот на Република македонија.

Од ова произлегува дека судовите незаконски дозволуваат надомест на трошоци за застапување на МВР. На оваа линија е и Основниот суд во Битола, кој во една првостепена пресуда го одбива барањето за надомест на трошоци за подготовка на поднесоци и застапување на МВР, поради тоа што било застапувано од правници вработени во Министерството.

Вака донесените одлуки се на штета на граѓаните, кои одлучуваат да поведат судски постапки за заштита од дискриминација поради тоа што дополнително го ограничуваат и онака тешкиот пристап до правда, особено за оние кои се наоѓаат во социјален ризик. Иако според Законот за бесплатна правна помош, тие можат да побараат бесплатна правна помош како припадници на некоја од ранливите групи (член 12), дискриминацијата не е внесена како основа за стекнување со правото на бесплатна правна помош, ниту, пак, е предвидено ослободување од судски трошоци за овие постапки според Законот за спречување и заштита од дискриминација.

# Заклучок

Оваа анализа почива на комбинација од постоечки податоци и податоци кои НВО КХАМ, сам и заедно со партнерите, ги генерираше преку давањето правна помош на лица чии права на еднаквост и слобода на движење биле прекршени под оправдување дека така се штити безвизното патување за сите граѓани на Македонија. Од 2011 година па до денес, несомнено постои проблемот со противуставното и незаконито постапување при вршењето на граничните контроли од страна на граничните служби при МВР. Но, исто така, веќе е и несомнено докажано дека станува збор за попречување излез од државата на македонски државјани, во најголем број Роми, со системско расно дискриминирање и спроведување расно профилирање. Тоа се спроведува со образложение дека станува збор за лица кои се со намера да го злоупотребат безвизниот режим и да бараат азил во некои од државите од шенген-зоната.

Како што покажа краткиот преглед на клучните одредби од меѓународното право, ваквото постапување е спротивно на меѓународното право за човекови права, особено на КЕРД и МПГПП. Тоа го покажа и прегледот на разгледувањата од страна на телата за човекови права на ООН на општата ситуација во Македонија, но и на конкретното прашање на прекршувањата на правата на Ромите при обид за излез од државата.

На национално ниво, ваквиот заклучок особено го потврдуваат позитивните пресуди со кои е утврдена дискриминација врз македонските државјани од ромската етничка заедница од страна на МВР. Сепак, невоедначената судска практика покажува дека не сите жртви на дискриминација можат да ја остварат правдата пред домашните судови. Најновите судски одлуки со кои се признаваат трошоците за застапување на МВР, го отежнуваат и пристапот до правда на жртвите на дискриминација

Од сето погоре изложено, не постои простор за сомнеж дека Македонија ги крши уставно и меѓународно загарантираните права на еднаквост и слобода на движење, како и важечкото меѓународно право за човекови права, вклучително и врвниот принцип на човековите права, принципот на еднаквост, од кој ниту една држава нема право да отстапува, ниту, пак, да го дерогира. Оваа дискриминаторска практика е особено сериозна, бидејќи резултира со повреда на една од најмногу заштитените основи, расата, за која и телата на универзално и на европско регионално ниво укажуваат дека не постои ситуација во која расната дискриминација може да се оправда.

Следствено, оваа анализа, покрај тоа што цели да ги пренесе искуствата и примерите од стратешкото застапување на НВО КХАМ во оваа област, цели и уште еднаш да повика на прекин на практиката на системска расна дискриминација и расно профилирање на Ромите на граничните премини, усогласување на домашната правна рамка со меѓународните стандарди, и обезбедување ефективни и ефикасни механизми за заштита на правата на граѓаните, кои ќе овозможат зајакнување на правната сигурност и олеснет пристап до правдата.

# Користена литература:


**Закони:**

Директива 2005/85/ЕС за процедури за добивање на азил, Анекс II

Директива 2004/83/ЕС за минимални стандарди за квалификација и статус на државјани на трети земји или лица без државјанство како бегалци или како лица на кои им е потребна меѓународна заштита и содржина на заштитата која треба да биде дадена

Закон за гранична контрола, Службен весник на Република Македонија бр. 171/2010, 41/2014, 148/2015 и 55/2016.

Закон за изменување и дополнување на законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 135/2011.

Закон за полиција, Службен весник на Република Македонија бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 120/2016, Одлука на Уставен суд: 05.11.2008.

Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010, 44/2014, 150/2015 и 31/2016

Регулатива на Советот бр. 15521/09 за изменување на регулативата бр. 539/2001 која ги наведува третите држави чии државјани мора да поседуваат виза кога ги преоѓаат надворешните граници и они чии државјани се изземени од оваа обврска [Council Regulation No. 15521/09 amending Regulation (EC) No 539/2001 listing the third countries whose nationals must be in possession of visas when crossing the external borders and those whose nationals are exempt from that requirement]", Веб-страница на Советот на Европската унија, http://register.consilium.europa.eu/doc/srv?l=EN&f=ST%2015521%202009%20INIT

Шенген бордер код:
http://eur-lex.europa.eu/legal content/EN/TXT/HTML/?uri=URISERV:l14514&from=EN

**Извештаи:**


Европска комисија, “Извештај на Европската комисија за визната либерализација со Западен Балкан”, Веб-страница на Европската унија, http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-is-new/news/news/docs/20150225_5th_post-visa_liberalisation_report_with_western_balkan_countries_en.pdf

Европска комисија, Извештај за напредокот на земјата за 2009 година, Веб-страница на Европската унија, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2009/mk_rapport_2009_en.pdf

Европска комисија, Извештај за напредокот на земјата за 2010 година, Веб-страница на Европската унија, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2010/package/mk_rapport_2010_en.pdf ;

Европска комисија, Извештај за напредокот на земјата за 2011 година, Веб-страница на Европската унија, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2011/package/mk_rapport_2011_en.pdf

Европска комисија, Извештај за напредокот на земјата за 2012 година, Веб-страница на Европската унија, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2012/package/mk_rapport_2012_en.pdf

Комитет за елиминација на расната дискриминација, Заклучни согледувања на Комитетот за елиминација на расната дискриминација по комбинираниот периодичен извештај за Република Македонија [Concluding observations of the Committee on the Elimination of Racial Discrimination the Former Yugoslav Republic Of Macedonia], Веб-страница на Канцеларијата на високиот комесар за човекови права, http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CERD/C/MKD/CO/7&Lang=En

Комисијата за заштита од дискриминација, “Годишен извештај на Комисијата за заштита од дискриминација за 2015 година”, Академик, http://www.akademik.mk/wp-content/uploads/2016/04/diskriminacija.pdf

Комитет за човекови права, Заклучни согледувања на Комитетот за човекови права по третиот периодичен извештај на Република Македонија [Concluding observations on the third periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia], Веб-страница на Канцеларијата на високиот комесар за човекови права, http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CCPR/C/MKD/CO/3&Lang=En

Комесар за човекови права на Советот на Европа, "Извештај од Нилс Муижниекс, Комесар за човекови права на Советот на Европа, по неговата посета на „поранешната југословенска Република Македонија", од 26 до 29 ноември 2012 [Report by Nils Muižnieks, Council of Europe Commissioner for Human Rights, following his visit to "the former Yugoslav Republic of Macedonia", from 26 to 29 November 2012]", Веб-страница на Советот на Европа, https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?p=&id=2052823&direct=true

Конференција на тема „Ограничување на правото на слобода на движење на Ромите на граничните премини"
http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/1064/Roma_Racial_Profiling_Conference_Recommednations___MK.pdf

Народен правобранител на Република Македонија, "Годишен извештај на Народниот правобранител за 2012 година", Веб-страница на Народниот правобранител, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2012/GI-2012.pdf ;

Народен правобранител на Република Македонија, "Годишен извештај на Народниот правобранител за 2013 година"
http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2013.pdf

Народен правобранител на Република Македонија, "Годишен извештај на Народниот правобранител за 2014 година", Веб-страница на Народниот правобранител, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2014/GI%202014.pdf ;

Народен правобранител на Република Македонија, "Годишен извештај на Народниот правобранител за 2015 година", Веб-страница на Народниот правобранител, http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2015/GI_2015-za_pecat.pdf

Стејт Департмент на САД, Извештај за човековите права за Република Македонија за 2012 година, достапен на: http://www.state.gov/documents/organization/186589.pdf

Стејт Департмент на САД, Извештај за човековите права за Република Македонија за 2013 година, достапен на: http://www.state.gov/documents/organization/220516.pdf

ФРОНТЕКС, "Проценка на ризик во врска со земјите од Западен Балкан за 2016 година", Веб-страница на Европската унија,
http://frontex.europa.eu/assets/Publications/Risk_Analysis/WB_ARA_2016.pdf

Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, "Помеѓу имплементација и реалност на Националната стратегија за инклузија на Ромите – Декада на Ромите 2005 – 2015", Веб-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија,
http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/629/Romi_Analiza_Helsinski.pdf.

**Пресуди:**

Пресуда на Големиот Совет на ЕСЧП, Д.Х. и други против Република Чешка, бр. 57325/00.

Уставен суд на Република Македонија, “Одлука на Уставниот суд”, Веб-страница на Уставниот суд, http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf/ffc0feee91d7bd9ac1256d280038c474/20e4ff2a9c9e1265c1257d150029ab27?OpenDocument